20242594554

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 82 став (7) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), министерот за јавна администрација, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водењето на постапката за утврдување на материјална одговорност, како и формата и содржината на решението за надомест на штета.

Член 2

Предлогот за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност содржи:

- законски основ за давање на предлог за поведување на постапка за утврдување на материјална одговорност;
- име и презиме на административниот службеник против кој се предлага поведување на постапка за утврдување на материјална одговорност;
- опис на материјалната штета, времето и местото и опис на околностите под кои таа е сторена;
- докази за сторената шетета;
- место за датум на поднесување и потпис на подносителот.

Член 3

(1) Предлогот за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност се доставува до секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар и до административниот службеник против кој е поведена постапката за утврдување на материјална одговорност.

(2) Решението за формирање на Комисија за утврдување на материјална одговорност (во понатмаошниот текст: комисијата) заедно со предлогот за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност, се доставува до претседателот и членовите на комисијата.

(3) Од страна на претседателот на комисијата, од редот на вработените во институцијата се определува записничар.

Член 4

(1) Од страна на претседателот на комисијата, се свикува седница на која се повикуваат: членовите на комисијата, записничарот и административниот службеник против кој е поведена постапка за утврдување на материјална одговорност, а по потреба и други лица.

(2) Подносителот на предлогот за покренување на постапката за утврдување на материјална одговорност може да присуствува на седницата.

Член 5

(1) На седницата се изведуваат доказите и административниот службеник против кој е поведена постапката лично се произнесува по наводите во предлогот за покренување на постапката за утврдување на материјална одговорност, а доколку од оправдани причини не може да присуствува на седницата писмено се произнесува и приложува документација, односно докази со кои ќе го оправда отсуството најдоцна до отворањето на расправата.

(2) Доказите се изведуваат со читање писмени извештаи, информации, изјави и други исправи или со сослушување на сведоци, а кога е тоа потребно се одредува и вештачење. На расправата можат да се изнесат и дополнителни докази.

(3) Претседателот, членовите на комисијата, подносителот на предлогот, како и административниот службеник против кого се води постапката може да поставуваат прашања до сведоците и другите лица.

Член 6

(1) По изведување на сите предложени докази и утврдување на фактите, претседателот на комисијата ги повикува, редоследно, подносителот на предлогот за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност, доколку е присутен на расправата и административниот службеник против кој е поведена постапката за утврдување на материјална одговорност, да се обратат на комисијата со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот, а потоа објавува дека расправата е завршена.

(2) Расправата, по правило, завршува во истиот ден кога е и започната.

Член 7

(1) Постапката се прекинува, кога претседателот, членовите на комисијата, односно нивните заменици од оправдани причини не можат да присуствуваат на расправата, за што треба да приложат документација, односно докази најдоцна до отварањето на расправата или кога комисијата ќе одлучи да решава за некое претходно прашање или ќе побара од надлежен орган да и достави веродостојни исправи и информации, за чие изготвување е потребно подолго време.

(2) За прекинот и продолжувањето на постапката се донесува решение против кое не е дозволена жалба.

(3) Кога има прекин на постапката престануваат да течат сите рокови определени за вршење на дејствијата во постапката за утврдување на материјална одговорност.

(4) За време на траењето на прекинот на постапката, комисијата не може да превзема никакви дејствија во постапката, освен ако прекинот настанал по заклучувањето на главната расправа, во кој случај комисијата може, врз основа на таа расправа, да ја утврди материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(5) Дејствијата што ги презеле учесниците во постапката додека трае прекинот на постапката немаат никакво правно дејство. Нивното дејство почнува откако постапката ќе продолжи.

(6) Постапката што е прекината од причините од ставот (1) на овој член продолжува кога ќе престанат причините за прекинот.

(7) Роковите што поради прекинот на постапката престанале да течат, продолжуваат да течат од денот на донесување решение за продолжување на постапката.

Член 8

(1) За дејствијата преземени на расправата, записничарот води записник.

(2) Записникот содржи податоци за: составот на комисијата, записничарот, местото и времето на одржувањето на расправата, подносителот на предлогот за покренување на постапката за утврдување на материјална одговорност, административниот службеник против кој е поведена постапката за утврдување на материјална одговорност, законскиот основ за материјалната одговорност, битната содржина на исказите на административниот службеник, сведоците и други лица доколку се повикани и доказите кои се изведени.

(3) Записникот го потпишуваат сите учесници во расправата.

(4) Ако подносителот на предлогот за покренување постапката или административниот службеник против кој е поведена постапката за утврдување на материјална одговорност одбијат да го потпишат записникот, се внесуваат причините за одбивањето.

(5) Примерок од записникот му се предава на подносителот на предлогот за поведување на постапката за утврдување на материјална одговорност и на административниот службеник против кој е поведена постапката за утврдување на материјална одговорност, односно неговиот застапник.

Член 9

Извештајот за утврдената фактичка состојба содржи: законскиот основ за поднесување на извештајот, состав на комисијата, подносителот и бројот на предлогот за покренување на постапката за утврдување на материјалната одговорност, предлогот на комисијата во врска со одговорноста на административниот службеник, висината на материјалната штета доколку е утврдена, образложение кое содржи факти и докази врз основа на кои е утврдена одговорноста и висината на материјалната штета, потпис на членовите на комисијата, архивски број, датум и печат.

Член 10

Решението за надомест на штета веднаш се доставува до административниот службеник против кого е покрената постапката и до подносителот на предлогот.

Член 11

Решението за утврдување на материјална одговорност се изработува на бела хартија во А4 формат и содржи:

- вовед (во кој се наведува кој и кога го донел решението, законски основ за донесување на решението, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог е донесено решението);
- изрека (во која се утврдува постоење/непостоење на материјална одговорност и висина на утврдената штета и начин за нејзино надоместување);
- образложение (во кое се наведуваат фактите и доказите врз основа на кои е утврдена фактичката состојба, оценката на изведените докази и околностите кои се земени во предвид при донесувањето на одлуката);
- правна поука;
- број, датум и место на решавање и
- печат и потпис на секретарот, односно раководното лице на институцијата.

Член 12

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на водењето на постапката за утврдување на материјална одговорност и формата и содржината на решението за надомест на штета („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/14).

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 15-2528/12
13 декември 2024 година
Скопје

Министер за јавна
администрација,
Горан Минчев, с.р.